**ЗДРУЖЕНИЕ „НОВУС“**
ул. „Младинска“ бр.230 Струмица,
Република Македонија
zdruzenienovus@gmail.com

# <u>Резултати од истражување</u>

Како дел од проектот **„Запознај ги твоите човекови права”** здружението НОВУС спроведе истражување за мислењето на граѓаните со помош на анкетен прашалник кој беше изготвен да даде релевантни одговори кои беа предмет на истражувањето.

Прашалникот беше составен од полуструктуирани и отворени прашања, дистрибуцијата беше по електронски пат (е-анкета) како и теренски по случаен избор на граѓаните во тврда копија. Собирањето на податоци траеше од 1 до 30 септември 2016 година.

Беа опфатени 244 испитаници како дел од репрезентативен примерок пресметан за популацијата на општина Струмица со земени во предвид демографски каратеристики како: пол, возраст, образование, етничка припадност и место на живеење.

Од 244 испитаници според пол беа анкетирани **134 машки ( 54.9%) и 110 женски (45.1%)**



Според возраста, најголем процент на испитаници имаше во старосната група од 18 до 25, но во согласност со актуелната популација на оштина Струмица. Во оваа група имаше 62 испитаници или 25.4%. Во втората старосна група од 26 до 31 имаше 46 испитаници или 18.9%, во третата од 32 до 37 години имаше 41 испитаник или 16.8% од репрезентативниот приомерок. Во следната старосна група од 38 до 43 години имаше 24 испитаници или 9.8%, од 44 до 49 години имаше21 испитаник или 8.6%, од 50-55 имаше20 испитаници или 8.2% и во последната старосна група над 55 години имаше 30 испитаници или 12.3%.




Според местото на живеење во град или во село како важна демографска карактеристика 153 испитаници беа со место на живеење во град или 62.7% и 91 со место на живеење во село или 37.3%.



Во однос на образованието беа земени сите нивоа на образование. 19 беа без образование или 7.8%, 27 со основно образование или 11.1%, 103 или 42.2% со средно образование како најголема група според актуелната популација на општина Струмица, 6 со вишо образование или 2.5%, 75 со високо образование или 30.7% од вкупниот репрезентативен примерок и 14 со магистратура или 7.5%.




Последниот критериум за репрезентативниот примерок кој што беше земен во предвид беше етничката припадност. Од испитаниците беа опфатени 215 Македонци или 88,1% , 26 Турци или 10,7% и 3 од друга припадност или 0,12%.



На првото прашање **„Дали сте запознаени со вашите основни човекови права"** одговорите беа: **172 ДА** или **70,5%** и **72 НЕ** или **29,5%.**




На второто прашање од анкетниот прашалник „**Дали знаете од кои извори и каде можете да се информирате за вашите човекови права?**" одговорите беа скоро изедначени: **Да знам каде да се информирам** имаа одговорено **77** испитаници или **31,6%** од сите, **Делумно знам да се информирам** имаа одговорено **102** испитаници или **41,8%** и **Не знам каде да се информирам** 63 испитаници или **25,8%.** Од резултатите може да заклучиме дека дури 73,4 проценти знаат од каде или делумно од каде да се информираат за своите човекови права.




Како одговори кои беа дадени за изворите на информирање на ова прашање беа:

- Народен правобранител; Полиција; Устав на РМ, меѓународни конвенции; Интернет, телевизија, книги; Закон за заштита на човековите права; Институт за човекови права, Хелсиншки комитет; Универзална декларација за човекови права;

Третото прашање „**Дали досега некое право ви било ускратено и дали сте побарале правна помош**” одговорите кои ги добивме беа следни: 157 испитаници или **64,3%** одговориле со **НЕ** и остатокот од **87** испитаници или 35,7% одговориле со **ДА.**




Како конректни одговори за кој вид на права биле ускратени на граѓаните ги добивме следните одговори:

-Социјална помош;

-Право на сопственост;

-Право на слобода на изразување;

-Инвалид, а не добива инвалидска пензија;

-Немање право за вработување поради возраст;

-Додаток за деца;

На четвртото прашање „**Дали сметате дека во Македонија граѓаните ги уживаат своите човекови права загарантирани со Устав и закон**” одговорите кои беа добиени се следните: само **20** испитаници или **8,2%** одговориле **Да ги уживаат во целост**, **98** испитаници или **40,2%** одговориле **Делумно ги уживаат,** скоро половина од испитаниците **46,7%** или **114** одговориле дека **Не ги уживаат**, што покажува на недовербата на граѓаните кон нашиот систем дека во него можат да добијат остварување на своите основни човекови права. Остатокот од испитаниците немаа одговор на ова прашање.




На прашањето „**Дали досега имате пријавено повреда на некое човеково право што ви се случило вам или на некој близок**”, 186 испитаници одговориле со НЕ, додека 58 одговориле со ДА.



На последното прашање од анкетниот прашалник **„Дали досега ви било повредено одредено право од институција на општина Струмица”**, мнозинство од испитаниците или **202 (83%)** одговорија со НЕ на ова прашање, додека само **42** испитаници (17%) одговорија **потврдно.**

